


# Кав'даречки ВЕСНИК

ГОДИНА III * БРОЈ 60 * 3. 2. 2012 * www.kavadarci.gov.mk * БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК


● **Средба на градоначалникот Александар Панов со поранешни градоначалници и пратеници**

## РАЗВОЈОТ НА ГРАДОТ И ОПШТИНАТА ТРЕБА ДА БИДЕ НАД СИТЕ ДРУГИ ИНТЕРЕСИ

**На средбата беа разменети искуства, идеи и коментари за прашања од стратешки интерес за Кавадарци**

Размена на идеи и мислења околу натамошниот развој на општина Кавадарци. Ова го имаше за цел првата официјална средба на градоначалникот Александар Панов со поранешните пратеници од Кавадарци и поранешните градоначалници.

На заеднички појадок во винската куќа беа: Милан Камчев, Диме Ѓорчев, Иван Чулев, Петар Ѓорѓиев, Перо Стојанов и Манчо Мицајков, Ѕвонко Каров, Ана Андова, Илија Пемов и Јован Гинев. На една маса дебатираа поранешните функционери, независно од политичкото убедување, бидејќи како што рекоа, на сите главен интерес им е градот Кавадарци и неговиот просперитет. Повеќе од два часа се разговараше за приоритетните проблеми и начинот за нивно решавање. Се говореше околу водоснабдувањето, паркирањето, изградбата на локални патишта, проблемот со зголеменото девијантно однесување на младите, како и од потребата пратениците во Парламентот и членовите на општинскиот Совет за стратешките прашања да имаат единствен став со позитивни критики и конструктивен пристап и покрај различните политички убедувања.Градоначалникот ги запозна присутните со капиталните проекти кои годинава ќе се реализираат во Кавадарци. Панов после заедничкиот појадок изјави: „Ова беше работна средба со бившите функционери, луѓе кои работеле и носеле одлуки во едно друго време, но пред се му мислеле добро на градот. Ја искористивме средбата да слушнеме некој предлог и дел од нивното искуство да ги вградиме во новите проекти. Побарав сугестии за некои идни капитални проекти. Се сложивме во



90 % од заедничката дискусија. Да го водиме Кавадарци кон поголем просперитет."

Градоначалникот додаде дека 2012 година ќе биде историска година за Кавадарци бидејќи е во план да се реализираат најкрупните комунални проекти. „Неколку работи се отпочнати на терен. Се работи на патните правци до Мушов Гроб, Ладно Долче-Страгово, патот до Бегниште. Тоа се најголемите потези кои беа рак рана за цела општина. Очекувам да се распише тендерот за водоснабдување. Проектот опфаќа неколку компоненти. 2 милиони евра од Министерството за транспорт и врски ќе се реализираат и трајно ќе го решат водоснабдувањето. Кредитот од КФВ банката од 700 илјади евра ќе биде оперативен кон крајот на март, а ќе се инвестира и ќе значи подобрување на квалитетот на цевководите. Проектот од 100 илјади евра од швајцарската агенција исто така ќе се имплементира оваа година. Водостопанството „Тиквеш" годинава ќе реализира проект вреден 10 милиони евра, во насока на решавање на проблемот со водоснабдувањето, но и за наводнување на кавадречкото поле од стариот Хидромелиоративен систем „Бошавица". Тендерот е веќе распишан и во април-мај ќе се отпочне со реализација. Тука е проектот за градскиот пазар - деловно трговскиот центар," - оптимистички Панов говореше за новите проекти кои треба да се реализираат годинава во Кавадарци. На средбата беше нагласена потребата од изготвување на нова 20-годишна стратегија за развојот на Кавадарци. Таквиот предлог е прифатлив и за првиот човек на општината, но тој смета дека стратегиите кои се изготвуваат за пократок период се посигурни и поблиски до идината, бидејќи постои опасност, како што истакна Панов, лозарството да не биде водечка гранка во економскиот живот на кавадарчани. „Мора да гледаме објктивно, а не емотивно и да изготвиме стратегија за развојот на Кавадарци. Кавадарци има проектирано и нова индустриска зона која најдоцна во мај ќе биде на продажба и очекувам многу инвестиции во таа зона. Факт е дека на Кавадарци му треба нова стопанска стратегија за наредните 20 години и ќе се потрудиме во изготвувањето да вклучиме луѓе кои ги познаваат вистинските проблеми на Кавадарци, луѓе не од канцеларии туку од терен кои ги познаваат состојбите" - нагласи Панов.

Градоначалникот и поранешните функционери заклучија дека е потребно Кавадарци да создава поголема лоби група од кавадарчани вработени во Скопје која ќе работи за интересите на градот и општината.

**Ангел Данов**

● **Тиквешијата окована со снег и поларни температури**

## ПОСТОИ ГОЛЕМА ОПАСНОСТ ОД МРЗНЕЊЕ НА ЛОЗЈАТА

**Напролет се очекува подобрување на хидролошката состојба**

„Засега нема никакви штетни последици врз виновата лоза и останатите земјоделски култури од ниските температури. Во Кавадарци деновиве се измерени ноќни температури до -9, во Росоман -11 и во Сопот -10,9°С. Ова се темепратури кои немаат негативно влијание врз земјоделските култури," - објаснува м-р Диме Златев и



дополнува дека опасност од овој поларен бран по виновата лоза сепак постои доколку температурата се спушти под -15°С, а најризично е за лозовите насади кои се наоѓаат во таканаречените депресивни терени околу речните низини.

Во Тиквешијата во ноември, декември и јануари има наврнато вкупен воден талог во почвата од 88л/м$^2$. Високата снежна покривка на планините е сепак добра вест зашто претставува резерва за подземните води, акумулациите, езерата и реките, вели Златев кој години наназад ја следи оваа состојба во Тиквешијата.

Дефицитот од есенската суша, проценуваат во Управата за хидрометеоролошки работи, изнесува 120 до 150 литри на метар квадратен, а топењето на снегот и очекуваните пролетни врнежи во целост би ја поправиле негативната состојба од сушата.




■ **Од меѓународната соработка на општина Кавадарци**

## КОНКРЕТНА СОРАБОТКА МЕЃУ КАВАДАРЦИ И ШИЕРПЦ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО НА КРАЈОТ ОД ЛЕТОТО

**Градоначалникот Александар Панов го примi советникот од градот Шиерпц, Јануш Бучински**

Во рамките на меѓународната соработка на општина Кавадарци градоначалникот Александар Панов оствари работна средба со Јануш Бучински член на Советот на општината Шиерпц, Република Полска, која со нашата



Општина е во пријателски односи. На средбата во кабинетот Бучински ги пренесе поздравите од градоначалникот на Шиерпц Марек Кошмидер и граѓаните на овој град до неговиот домаќин Панов и до сите граѓани на нашата Општина.

Целта на посетата на Бучински кој е член на комисијата за образование во Советот на Шиерпц беше да оствари контакти и средби со претставници на основни и средни училишта од Кавадарци за отпочнување на конкретна соработка во образованието. Градоначалникот безрезервно ја прифати иницијативата и упати порака до полскиот град соработката да се развива и на стопански план.

Гостинот од Полска реализираше две средби со наши образовни институции и тоа со директорката на гимназијата Невенка Поп-Ангелова и директорот на основното училиште „Гоце Делчев“ Љупчо Јордановски. На овие разговори е договорено да се премине на конкретна соработка уште оваа година. Тоа значи дека кон крајот на летото во Кавадарци ќе дојдат триесеттина ученици од Шиерпц при што ќе остварат контакти со свои врсници од училиштата во нашиот град.

Целта е зближување на младите од двата пријателски народа, меѓусебно запознавање преку традициите и културата и развивање на европскиот дух на живеење. Инаку Шиерпц е град со 20 илјади жители и Општина приближно голема колку нашата, а се наоѓа на 100 километри северно од главниот град Варшава со развиено земјоделство и прехранбена индустрија.

**Димитар Мурџев**

■ **По трет пат осветени водите на Луда Мара на мостот кај јаворот**

## КРСТОТ КАЈ ЛАЗАР ЃОРЃИЕВСКИ ОД РЕКИНСКОТО МААЛО

**Во студената и бистра вода по крстот скокнаа 24 момчиња**

Православните верници го одбележаа големиот христијански празник Богојавление Христово. Празникот се нарекува уште и Водици заради големиот водосвет што го извршува црквата на овој ден. Големиот водосвет е симбол на обновувањето на нашата огревовена природа и на целиот космос преку вода и дух. За спомен на оваа Божествена тајна Крштевање на Господ Исус Христос, за спомен на овој значаен настан од животот на Неговото спасоносно дело на земјата, и денес се свети вода. Богојавленската литургија се отслужи во црквата „Св. Димитрија“ во Кавадарци каде голем број верници присуствуваа на осветувањето на водата во базенот на црквата. Потоа стотина верници заедно со свештениците со литија се упатија кон кејот на реката Луда Мара каде се изврши голем водосвет и се фрлаше осветениот крст во водите на реката,п ред огромен број кавадарчани. За успешно спроведување на овој чин мораше да се интервенира бидејќи водите на Луда Мара беа замрзнати.

Според организаторот МПЦ храм „Св. Димитрија“ Кавадарци 24 момчиња беа пријавени за скок по светиот крст. Среќата го послужи 23-годишниот Лазар Ѓорѓиевски од



Кавадарци, прв да го фати крстот. Ѓорѓиевски возбуден од настанот рече дека не било воопшто тешко да се стигне до крстот и дека е среќен. Момчето кое го фати светиот крст доби за подарок тв приемник од Локалната самоуправа, а тој и сите што се фрлија во реката по крстот добија баде мантил од Локалната самоуправа.

При молитвите за светење на водата, свештениците упатија молби за победа на македонската ракометна репрезентација против Чешка на Европското првенство, по што следеше бурен аплауз од присутните. Претседателот на советот Илија Тренчев упати честитки до најсреќниот, но и до сите верници по повод празникот Богојавление Водици и им посака на сите граѓани да ги служи добро здравје во текот на целата година. Покрај неколкуте стотици кавадарчани, чинот на фрлање на осветениот крст и водосветот го следеа и пратеничката во републичкото Собрание д-р Весна Пемова, претседателот на Советот Илија Тренчев и советници во кавадаречкиот Совет. Водосветот го следеше и гостинот од Полска, советникот во Советот на градот Шиерпц Јануш Бучински, град со кој Кавадарци воспоставува пријателски однос. Полјакот беше воодушевен од она што го виде.

**Ангел Данов**

■ **Шестмина ваташани по крстот скокнаа во виротнаместо во замрзнатото езеро**

## СРЕЌА ЌЕ ГО СЛЕДИ МИЛЕ ЈОВАНОВ ОД ВАТАША КОЈ ГО ФАТИ КРСТОТ

Мразот не дозволи годинава богојавленскиот водосвет и фрлањето на крстот да бидат во браната Моклиште, но ваташани имаа алтернатива. Светиот чин се изврши само неколку метри погоре, каде Ваташка Река се влива во Браната. 6 момчиња од Ваташа скокнаа во студените води по светиот богојавленски крст. Миле Јованов од Ваташа ја имаше среќата прв да доплива до крстот. Се смета дека оној што ќе го



фати крстот, цела година ќе го следи среќа, здравје и благосостојба.

Јованов изјави дека е среќен што успеа меѓу шестемина да биде најбзиот кој ќе дојде до светиот крст. За подарок од Локалната самоуправа доби тв приемник, како и други подароци од спонзорите на оваа манифестација.

Чинот на осветување на водата и фрлањето на светиот крст го следеа неколку стотици верници од Ваташа и Кавадарци. По осветувањето на водата и фрлањето на крстот, верниците се упатија кон манастирот „Св. Никола“ во Моклиште, каде го затекнавме и Јануш Бучински, советник во Советот на општина Шиерпц – Полска кој за прв пат во животот присуствува на ваков христијански настан. До сите верници и македонски граѓани упати честитки и желба за здравје.На фрлањето на крстот во водите на браната Моклиште претходеше света божествена литургија во црквата „Света Богородица“ во село Ваташа. Исто така беше извршен водосвет во водите на црковната фонтана.

## ФОТО ВЕСТ

За да може успешно да се реализира традицијата и на општо задоволство на православните верници и кавадарчани да се фрли светиот крст во водите на реката Луда Мара, голема заслуга имаат работниците на ЈП „Комуналец“.



Бидејќи реката беше замрзната, тие утрината на Водици интервенираа со сол и лопати успевајќи да го отстранат мразот од делот на реката каде се фрлаше крстот по кој скокаа 24 пријавени момчиња.

**Светлана Дарудова**




**Одржана 46-тата редовна седница на Советот на општина Кавадарци**

## НА ДНЕВЕН РЕД СОВЕТНИЧКИ ПРАШАЊА, А СОВЕТНИЦИТЕ ДОБИЈА ЛАП-ТОП ЗА ЕЛЕКТРОНСКО РАБОТЕЊЕ

Советот на општина Кавадарци ја одржа 46-тата редовна седница на чиј дневен ред беа единствено советничките прашања до градоначалникот. На седницата согласно програмските определби, а со цел ефикасно и помодерно работење на Советот, на советниците им беа поделени лап-топ компјутери, бидејќи во следниот период материјалите потребни за одржување на седниците ќе се доставуваат до советниците во електронска форма. Градоначалникот Александар Панов им посака успешна, ефикасна и квалитетна работа на советниците, а воедно најави дека во понеделник завршува тендерот за реконструкција на собраниската зграда, по што ќе започнат работите со единствена цел, уште поквалитетни услови за работа на Локалната самоуправа.

Што се однесува до советничките прашања изобилуваа оние од комуналната изградба во Општината, прашања за локални и регионални патни правци, екологија, а ниту на оваа седница не изостанаа горливите прашања кои ги мачат лозарите од општина Кавадарци со неисплатеното грозје и субвенции.

Советникот Развигор Кабранов праша што ќе се прави со прашината која ја има во изобилство низ кавадаречките улици и дали е готова еколошката студија околу квалитетот на воздухот, водата и почвата во Кавадарци. Градоначалникот Панов одговори дека миење на улиците во зимскиот период е недозволено бидејќи постои можност за појава на голомразица, а студијата која ја финансира општина Кавадарци била завршена скоро две третини.

Советникот Љупчо Делов меѓу другото праша што со регионалниот пат Кавадарци- Марена, кој е значително оштетен. Праша дали може градоначалникот да се заложи кај државните институции да финансираат рконструкција бидејќи се работи за регионален пат, кој не е во надлежност на Општината. Панов одговори дека за оваа година е планирана реконструкција на патот за влезот во Кавадарци кога се доаѓа од Прилеп, а ќе се потруди да издејствува барем реконструкција на 1 км на патот Кавадарци- Марена и покривање со нов асфалтен слој. Ќе се крпат ударни дупки и на патот кај мотелот Дреново.

Панов најави дека по трет пат ќе биде распишан тендер за улично осветлување со што би се ставило крај на проблемите кои се присутни во уличното осветлување поради лошиот квалитет на постоечките светилки и замена со нови лед-диоди. Согласно на измените во Законот за здравствена заштита матичните лекари поради кратењето на субвенциите се откажуваат од амбулантите во руралните средини. Што ќе преземе Општината во насока на надминување на овој проблем и обезбедување здравствена заштита и на овие граѓани - праша советникот Љубе Димов. Градоначалникот најави дека во февруари пред Советот ќе понуди предлог-одлука за субвенционирање со по 100.000 денари годишно на матични лекари кои се концесионери во амбулантите во селата Сопот, Дреново и Возарци. Или за да се задржи здравствената заштита и во овие населени места годишно Општината ќе издвојува 300.000 денари.

Советничката Маре Мартиновска меѓу другото го праша градоначалникот, кога ќе се санираат оштетувањата на градскиот плоштад и кога ќе се тргнат новогодишните украси од плоштадот. Одговорите беа дека со подобрувањето на временските услови ќе се отпочне доградба на плоштадот кај споменикот на Бадев каде треба со затоплување на времето да биде доградени плоштадот од страна на фирмата „Крин“ производство од Прилеп како и со санирање на оштетените гранитни плочи на плоштадот и дека веќе се работи на отстранување на новогодишните украси.

Советникот Панчо Минов најави дека неговата советничка група до градоначалникот достави иницијатива за изнаоѓање на решение на проблемот околу реализацијата на извршните решенија од „Комуналец“ по основ наплата на застарен долг, особено за социјално загрозените семејства. Минов праша дали градоначалникот интервенирал околу исплатата на субвенциите на лозарите и констатира дека минатата година Владата субвенциите ги исплатила во пресрет на парламентарните избори. Панов со одговор дека ќе направи заложба барем еден дел од парите за субвенции да се исплатат околу празникот Свети Трифун бидејќи тогаш симболично почнуваат и лозарските работи од новата производна сезона. Градонаачлникот потенцира дека активно е вклучен во изнаоѓање на решение за лошите состојби во лозарството. „Во целост ја поддржувам иницијативата од Советот која би била во насока на квалитетна измена на Законот за вино,“ - нагласи Панов.



За лозарството и лозарите се интересираше и советникот Борис Давидов кој побара единство во дејствувањето на Советот и градоначалникот во правец на постигнување на заедничките цели и интереси. Седницата посветена на советничките прашања предизвика интерес кај советниците како од позицијата така и од опозицијата. Слободан Ивановски се интересираше кога ќе се отпочне со проектот Трговски центар и зелен пазар со подземна гаража, како и за тоа кој е крајниот рок на завршување на овој проект за кој градоначалникот најави дека ќе почне со реализација од март оваа година. Градоначалникот со одговор дека сега е дефинитивно јасно дека центарот ќе се гради особено после посетата на директорите од Светската банка пред нова година кога беа на новата локација позади зградите Лепотици.

Ташо Радњански акцент во неговите советнички прашања постави на реакциите од првозниците од Кавадарци кои не можат да бидат ангажирани надвор од Кавадарци во други големи компании кои за свои потреби ги користат само тамошните превозници, како и за наплатата на сметки за неплатена вода кон ЈП „Комуналец“ врз основа на утужување ги добиваат одреден дел граѓани. Притоа праша што градоначалникот ќе преземе во овој правец. Панов во одговорот појасни дека неговата обврска е само да посредува меѓу камионџиите и големите компании таму каде што смета дека ќе наиде на разбирање и дека тоа успешно го прави со кавадаречките компании. Посочи за негов обид за заеднички договор со камионџиите притоа понудувајќи им и партнерство во делот на обезбедување јавен камионски паркинг со цел улиците во градот да бидат ослободени од тешките товарни возила, но потенцираше дека целата фама ја прават мала група незадоволници, а камионџиите не сакале да помогнат во средувањето на хаосот што го прават со дивото паркирање во градското јадро. Што се однесува до проблемот со долгот кон „Комуналец“, тој посочи дека сега јавното претпријатие ја реализира обврската што ја наследило од претходното раководство кога се утужени неплаќачите на вода, а праша зошто судовите досега тие тужби ги криеле во фиока. Но пред советниците постави прашање зошто ваков однос кон утужени граѓани немаат кога се во прашање сметките од телекомуникациските оператори и од ЕВН. Притоа им постави дилема: политика и политиканство може кога е во прашање јавно претпријатие за кое Општината се грижи да остане на здрави нозе во корист на граѓаните. Праша што со оние седумдесет проценти одговорни граѓани кои редовно го намируваат долгот за вода, дали со ова барање сега нема да се појави револт кај плаќачите кои понесени од овие залагања на опозицијата ќе почнат да неплаќаат бидејќи некој и за нив ќе се залага. Јавно праша ако се сака ослабување на јавното претпријатие и негово двеење и раскрчмување, за да се приватизира, тогаш според него ќе ја имаме истата ситуација како со струјата и телефоните. Граѓаните ќе плаќаат три до четири пати поскапа вода и комунални услуги и ќе мора тоа да го прават редовно. Запраша дали со овие популистички залагања и додворувања кон регистрирани неплаќачи на вода се сака да се уништи „Комуналец“. Но сепак рече дека на наредната седница ќе понуди предлог како да се надмине оваа состојба особено во делот на социјалните случаи и стечајните работници.

До крајот на седницата прашања до Панов поставија и советниците: Перо Митрев, Пане Кимов, Весна Коцева и Бетиан Китев.

**Ангел Данов**

## ПРОДОЛЖУВА КУЛТУРНАТА СОРАБОТКА СО ПЕРНИК

Делегација на општина Кавадарци предводена од претседателот на Советот Илија Тренчев, во која беа советникот Ристо Сакалиев, како и џаламарските групи од селата Ресава и Сопот престојуваше во посета на збратимениот град Перник, Република Бугарија. Нашата делегација беше гостин на традиционалниот карневал „Сурва“ кој годинава по 21-ви пат се одржа низ улиците на Перник. Во карневалската поворка продефилираа вкупно 6 000 учесници, од сите континенти, а меѓу нив и џаламарските групи од Ресава и Сопот.

Во работниот дел од посетата нашата делегација се сретна со градоначалничката на градот домаќин госпоѓа Росица Јанакиева со која разменија искуства и беа договорени чекори за понатамошна соработка. На традиционалниот прием за делегациите Тренчев имаше обраќање при што ги пренесе поздравите од граѓаните и градоначалникот на Кавадарци. Кавадаречката делегација оствари и мошне значајна и корисна средба со официјалната делегација на кинескиот град Хуаиан. Станува збор за 5,5 милионски град во кој е развиена индустријата, а кој е збратимен со градот Перник. Бугарскиот град средиште на металургијата со Кинезите има плодна соработка врз основа на која годинава ќе се реализираат странски кинески инвестиции.

На средбата со нашата делегација Кинезите пројавија интерес за капацитетите од кавадаречкото стопанство особено металургијата и металопреработувачката, како и за земјоделството и лозарството.



Општина Кавадарци врз основа на оваа првична средба ќе оствари повеќе он лајн контакти со кинеската страна, а веќе е договорено делегација од градот Хуаиан да биде гостин во Кавадарци на денот на ослободувањето 7 Септември и Тиквешкиот гроздобер 2012 година.

**Димитар Мурџев**




■ **Годинава за дваесет проценти е зголемен Буџетот за комуналната изградба во однос на лани**

## ОПШТИНАТА ЌЕ ИНВЕСТИРА ВО ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КОМУНАЛНИ ОБЈЕКТИ ПОДЕДНАКВО НА ЦЕЛАТА ТЕРИТОРИЈА

**Ќе се реконструираат постојните, а ќе се градат и нови комунални објекти**

Бројни зафати од комуналната изградба ќе бидат реализирани согласно програмата на општина Кавадарци за 2012 година во урбаните заедници, Љубаш, Кула, Страшо Пинџур и МЗ Глишиќ. 10.250.000 денари се предвидени во програмата за активностите во УЗ Љубаш. Овде ќе се поплочуваат тротоари со паркинг на ул. „Моша Пијаде" ќе се поплочува ул. „Гоце Делчев", тротоар на ул. „Игман", ќе се реконструира и асфалтира ул. „Солунска Глава", тротоар ќе се поплочува и на ул „Втора бригада". На ул.„Илинденска" од западната страна ќе се реконструира тротоарот, исто таква активност ќе има и на „Индустриска", „Словенска" и „Гоце Делчев" – кеј „Киро Спанџов". Цвеќарници ќе се поставуваат на „Едвард Кардељ", „Вељко Влаховиќ", а ќе се поплочува и ул. „Ѓуро Салај" – споредна.

За Урбаната заедница Кула се предвидени близу 10 милиони денари, а овде е опфатено



асфалтирање на ул. „Орцо Николов" споредна кај кулите и решавање на имотен спор. Тротоари ќе се градат на „Максим Горки", „Мирче Ацев", „Охридска". На „Охридска" предвидено е и асфалтирање, а истата активност е предвидена и на „Пелагонија" и „Горски венец", додека поплочување ќе се врши на паркинг позади стара аптека, тротоари на „Блажо Алексов" од западната страна и на „Видое Смилевски" од југ.

Потпорен ѕид, решавање на имотен спор и асфалтирање се превидува за ул. „Григор Прличев" на спојот со „Дисанска", ќе се асфалтира и „Дисанска", а ќе се решава и имотен спор. Истото се превидува и за улицата „Домовица". Ќе се поплочува „Смаилица" од лево, десниот крак од „Доне Попов", а ќе се асфалтира и ул. „25 Мај", но претходно ќе се решава имотен спор. За УЗ Страшо Пинџур во програмата се предвидени близу 11,5 милиони денари.

Во Глишиќ во 2012 година ќе се поплочува ул. „Коле Неделковски" каде ќе се гради и потпорен ѕид, а ќе се решава и имотен спор. Ќе се поплочува крак од улицата „Вера Циривири". Поплочување ќе има и на платото кај селската чешма, а ќе се поставува и урбана опрема и ѕидови. За Глишиќ се предвидени 3 милиони денари.

■ **Вардарскиот плански регион со проекти ќе се афирмира пред домашните и странски фондации**

## СТРАТЕГИЈА ЗА МАРКЕТИНГ И ПРОМОЦИЈА НА СТОПАНСКИТЕ ЗОНИ ВО РЕГИОНОТ

Проектот за промоција на Вардарскиот плански регион како атрактивна бизнис дестинација со акцент на стопанските зони во регионот нуди услови за реално зголемување на искористеноста на стопанските зони и намалување на стапката на невработеност, преку обезбедување проактивен однос на сите локални и регионални развојни чинители во насока на промоција на предностите за привлекување на инвестиции, дефинирани во сеопфатна стратегија за промоција. Во овој проект активно се вклучени сите општини од Вардарски плански регион меѓу кои е и Кавадарци.

Општата цел на проектот е обезбедување на одржлив економски развој на регионот со искористување на стопанските зони во регионот и намалување на стапката на невработеност, преку перманентно промовирање на неговите бизнис атрибути пред инвеститорите или поконкретни цели се отворање на најмалку 15 нови стопански капацитети во стопанските зони во регионот во наредните три години, како и креирање на нови 300 работни места во истиот период. Проектот ќе се реализира во Кавадарци, Неготино, Росоман, Демир Капија, Градско, Велес и Свети Николе, општини кои располагаат со урбанизирани стопански зони.

Во наредниот период се планира изработка на стратегија за маркетинг и промоција на стопанските зони во регионот, изработка на комплетен промотивен материјал, веб-страница, а ќе бидат реализирани и низа обуки.

Со зголемениот број на новоотворени стопански капацитети во регионот несомнено ќе значи и ангажирање на слободната работна сила во регионот – велат од Локалната самоуправа, а проектот практично ќе придонесе за подобрување на социјалната слика на регионот и квалитетот на живеење. Вредноста на проектот е шест милиони денари, а ќе се финансира со средства добиени од програмата за рамномерен и одржлив регионален развој, а останатиот дел е од сопствено учество на општините партнери, а Кавадарци учествува во финансирањето со 122 илијади денари од Буџетот.

■ **Програма за меѓународна соработка на Општината во 2012 година**

## ГЛАВНА ЦЕЛ Е АФИРМАЦИЈА НА ОПШТИНАТА КАКО СТОЛБ ЗА ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ

**Програмата ќе ја реализираат градоначалникот и членовите на Советот на општина Кавадарци**

Продолжување и зацврстување на веќе остварените контакти со побратимените и пријателски градови со општина Кавадарци се предвидува со програмата за меѓународона соработка на општина Кавадарци. Минатата година Кавадарци имаше успешни меѓународни контакти, стремежот на Општината е и годинава да се продлабочува соработката и да има конкретни резултати од меѓународните активности.

Програмата исто така има цел воспоставување и планирање на меѓународна соработка како еден од столбовите во процесот - афирмација на општина Кавадарци и Р. Македонија на меѓународно ниво, како и поддршка на регионалниот развој преку прекугранична соработка.

Утврдените активности за 2012 година се врз основа на заложбите на градоначалникот и Советот на општината за побрз одржлив развој на општината, искористување на бизнис врските, соработка со збратимените градови и градовите пријатели на Кавадарци со учество во проекти од „Европската граѓанска програма", зајакнување на капацитетите преку размена на искуства и туристичка економска презентација на Кавадарци.

За постигнување на целите кои Општината ги има превидено во програмата за меѓународна соработка Кавадарци ќе ја интензивира комуникацијата со општина Добрич со користење на можностите на глобалната интернет мрежа, согласно потпишаниот меморандум за разбирање. Понатамошната соработка со Панаѓуриште, Р.Бугарија ќе биде насочена кон зацврстување на културната соработка помеѓу општините, како и соработка изразена во областа на образованието и економијата. Кавадарци има воспоставено контакти со општина Ковин преку традиционалната размена на културните друштва и преку соработката на Црвен крст на двата града. Соработката ќе се продлабочува и со меморандум за збратимување. Понатамошната соработка со општина Бољевац ќе се одвива на полето на воспоставување економска соработка преку поврзување на стопанственици на двете општини, како и размена на културни друштва и продлабочување на културната соработка.

Општина Плевен како партнер на општина Кавадарци ќе биде значаен фактор во конкурирањето на Кавадарци пред европските фондови, најповеќе преку пренесување на сопствени искуства кои произлегуваат од членството на Бугарија во Европската Унија и директните фондови кои и се ставени на располагање. Ќе се проширува соработката со Перник, а на повисоко ниво ќе се продлабочува и соработката со општина Рожаје, Црна Гора. Општина Кавадарци планира продлабочување на соработката и со партнерските градови.






**Општината Кавадарци подготвена за одбележување на верскиот празник Св.Трифун**

## ОФИЦИЈАЛНО ЗАКРОЈУВАЊЕ НА ЛОЗИТЕ ВО ЦРКВАТА, ФЕСТИВАЛ НА ВИНОТО И ЗАБАВА НА ПЛОШТАДОТ

Општината и годинава организирано ќе го одбележи празникот Св. Трифун - денот на овоштарите и лозарите. Реализатор на програмата е Домот на културата „Иван Мазов-Климе“, а во истата се вклучени, Музеј-галерија Кавадарци, Здружението „Вешта жена“, како и новоформираниот Клуб на производители на домашна храна „Слоу фуд“ од Кавадарци.

Свеченостите започнуваат во понеделник на 23 февруари во 18.00 часот кога во музејот ќе биде отворена традиционалната изложба на кавадаречкиот ликовен уметник акварелист Лазар Дојчинов, потоа во Домот на културата ќе следи отворањето на Саемот на вино и храна во организација на клубот, Слоу фуд и Здружението „Вешта жена“ од Кавадарци на кој ќе биде изложена домашно приготвена храна по традиционални рецепти од Тиквешкиот крај.

Во вторник на 14 февруари централен настан е закројувањето на виновата лоза во дворот на црката „Св. Димитрија“ каде ќе биде



централното закројување, по што гостите ќе се упатат кон Градскиот плоштад каде на централната бина ќе го проследат заедничкиот настап на фолклористите од професионалниот ансамбл „Северњачки“ од Плевен, Бугарија и нивните домаќини ансамблот „Тиквеш“ од Кавадарци. На плоштадот свој настап ќе имаат и учениците од ЗШУЦ „Ѓорче Петров“, а на локација во близина на градот ќе се одржи натпревар во вешто и брзо кроење, на кое ќе се прогласат и тројца најдобри кројачи за кои Општината подготви пригодни награди и признанија.

Согласно програмата на плоштадот ќе бидат лоцирани типизирани штандови во кои ќе бидат сместени винарници, како и индивидуални производители со нивните производи. Програмата за св. Трифун завршува вечерта во 19.00 часот кога во салата на Домот на културата фолклорните ансамбли од Плевен и Кавадарци ќе одржат заеднички концерт.

Локалната самоуправа упати покани до државниот врв, дипломатскиот кор и до јавни и политички личности од земјата да бидат гости на празникот на лозарите, прв од двата најзначајни во општина Кавадарци.

**Димитар Мурџев**

**Кавадарци е домаќин на третата средба на европските градови во партнерски проект за надминување на сиромаштијата**

## ПЕТ ЕВРОПСКИ ГРАДОВИ ЌЕ РАБОТАТ НА ПРОЕКТОТ „ВИСТИНАТА ЗАД НАСМЕВКАТА“

Третата средба од проектот „Вистината зад насмевката“ во организација на ЕУ кој вклучува општини, социјални служби и Агенции за вработување од 6 градови во Европа: Лефкара - Кипар, Александрија – Грција, Кавадарци – Македонија, Мандело дел Ларио – Италија, Млава – Полска и Насауд – Романија, ќе се одржи во Кавадарци од 12 до 16 февруари.



Во градот Кавадарци гости ќе бидат седумдесеттина учесници од градовите партнери. Домаќинот - Локалната самоуправа Кавадарци согласно програмата има предвидено неколку работилници и презентации од градовите учесници, со дискусии и заклучоци како и посета на јавна кујна. Во неформалниот дел се планирани неколку посети и тоа една во главниот град Скопје, како и на античкиот град и винаријата „Стоби“. Посебно доживување за гостите од партнерските градови од Европа ќе биде нивното присуство на денот на лозарите Св. Трифун кога ќе имаат можност да ја проследат целодневната програма, почнувајќи од церемонијалот на закројување на виновата лоза во дворот на црквата „Св. Димитрија“, па со настаните на Градскиот плоштад.

Инаку приоритетна цел на проектот е борба против сиромаштијата и невработеноста и подобрување на животниот стандард на луѓето. Главни цели се: Давање можност на граѓаните да учествуваат во изградба на силно поврзана Европа, која е демократски ориентирана, обединета и збогатена со своите културни различности, а со тоа и развивање на граѓанството во Европската Унија. Развивање на чувството за европски идентитет базиран на заеднички вредности, историја и култура, зголемување на толеранцијата, меѓусебното разбирање помеѓу европските граѓани, почитување и унапредување на културните и лингвистичките различности, и со сето ова придонесувајќи за интеркултурен напредок. Специфична цел на проектот е развој на тематски и долготрајни соработки помеѓу овие европски општини и нивно збратимување.

Досега се одржани две средби првата во Лефкара на Кипар од 11 до 16 август 2011г., втората се одржа во градот Александрија во Грција, 14-19 октомври 2011 г. кога нашата делегација не отпатува заради штрајковите и блокадата на границата.

## КИНО ВО ТРИ ДИМЕНЗИИ

Денеска во малата сала на Домот на културата ќе се изврши првата пробна проекција на кино во три димензии популарно наречено 3 Д. Проекцијата е со почеток во 20.00 часот. Со ова Кавадарци ќе биде првиот град во независна Македонија каде се организира проекција во 3Д со современа електронска опрема.



Салата има капацитет од 150 седишта. Првиот филм што ќе биде прикажан е ремек-делото на режисерот Џејмс Камерун со наслов „Аватар“.

**Димитар Мурџев**

## *СЕЌАВАЊЕ*
## ИЛИЈА КАРОВСКИ 1926-2012

Илија Каровски е една од најзначајните личности во афирмирањето на културното живеење на Кавадарци во периодот од ослободувањето на градот, па се до неговото заминување во пензија. Роден е во 1926 година во Кавадарци во повеќечлено семејство. Импресивна личност, со талент за музика што го забележал неговиот професор Васил Хаџиманов и го вклучил во училишниот хор на гимназијата. Нешто подоцна, кога наставник во гимназијата е Николај Крутиков, го вклучува Каровски во мандолинскиот оркестар. Овој оркестар активно е вклучен во одбележувањето на значајни прослави во гимназијата и градот.

Учебната 1945/46 год. по ослободувањето на Кавадарци Каровски е наставник во гимназијата. Оттогаш започнува неговиот нагорен од кон афирмацијата на неговиот музички талент и педагошка надареност. Тој не беше само талентиран и музички образован човек и педагог, тој имаше чувство да открие многу таленти во музичката, театарската и книжевната дејност. Долги години со успех го водеше хорот и оркестарот на гимназијтаа со кој постигна врвни резултати. Беше вистински мозаик на повеќе таленти во една личност, со голема склоност кон спортот, театарската уметност и музиката. Каровски беше активен фудбалер, фудбалски судија, претседател на Општинскиот фудбалски сојуз Кавадарци, актер и режисер во аматерскиот театар, долгогодишен директор на Домот на културата и постојан дописник и новинар на весникот „Нова Македонија“.



Беше иницијатор за формирање на КК „Тиквеш“, бројни културни манифестации (Тиквешкиот гроздобер, Фестивалот на пионерски и младински хорови и други). Илија Каровски остави и значајни трудови: Монографијата „50 години театарска дејност“, 1995 год., монографијата „ФК Тиквеш“, објавена 1996 година и други.

Неговите синови тргнаа по стапките на таткото. Постариот Трајче беше врвен македонски тапанар во многу познати музички групи, а помалиот Љупчо (Бубо), новинар и еден од најпознатите македонски хумористи и забавувачи.

■ **Започна второто полугодие од учебната година**

## СОВЕТУВАЊЕ ЗА РОДИТЕЛИТЕ ЧИИ ДЕЦА ИМААТ ДЕСЕТ НЕОПРАВДАНИ ИЗОСТАНОЦИ

**Ќе има задолжителни средби со психологот, во спротивно следуваат парични казни**

Основците и средношколците се вратија во училишните клупи за почетокот на



второто полугодие од учебната 2011/2012 година по тринеделниот зимски распуст. Тие имаат обврска во една од саботите на месец април да го одработат петокот (20 јануари), кој им беше додаден во распустот поради поларниот бран во некои општини.

Новина во второто полугодие е советувањето родители чии деца имаат 10 неоправдани или 100 оправдани изостаноци, три единици во период од три месеци или манифестираат насилно и несоодветно однесување. Родителите или старателите на ученици со вакви проблеми ќе имаат законска обврска да дојдат на поканата за средба со психолог, што ќе им ја испраќа училиштето, или ќе бидат парично казнети. На крајот на учебната 2011/2012 ќе има само полагање државна матура, зашто МОН и оваа година го одложи екстерното тестирање - проект со кој треба да се оценува објективноста на наставниците преку проверка на знаењето на сите ученици во основно и во средно. Одлагањето е поради електронскиот систем за спроведување на тестирањето кој е сè уште во подготовка. Неговата функционалност ќе се провери на пробно екстерно тестирање.

■ **Во општината постои исклучително активен невладин сектор**

## ОПШТИНАТА ИЗГОТВИ ПРОГРАМА ЗА ПОМАГАЊЕ И РАЗВОЈ НА НЕВЛАДИНИОТ СЕКТОР

**Програмата предвидува дизајнирање веб-страница и линкови кон активните невладини организации**

Во Кавадарци има исклучително активен граѓански сектор кој дејствува во повеќе области и активностите и програмите на невладините организации се во насока на подобрување на квалитетот на животните стандарди на граѓаните со придонес кон заедницата. Програмата за развој на невладиниот сектор што ја изготви секторот за развој при Локална самоуправа, а ја усвои кавадаречкиот Совет има цел да ги јакне капацитетите на граѓанскиот сектор. Ќе се спроведе истражување за потребите на НВО секторот, ќе се изработи проценка на потребите на невладини организации во Општината за да се утврдат предностите, слабостите, можностите и ризиците на тековните програми за развој на невладините организации во општина Кавадарци. Планирано е да се изработи формален каталог на сите невладини организации во Општината. Секоја НВО ќе биде



обучена како да изработи своја мисија за единствен фокус на НВО.

Согласно програмата, ќе се спроведуваат обуки за дизајнирање на веб-страници и објавување на линковите на НВО на веб-страницата на општина Кавадарци. Сите НВО ќе бидат обучени за дизајнирање на електронски страници за оние кои во моментов немаат сопствена, а сите оние кои имаат ќе бидат поврзани со општинската веб-страница. Исто така се планира вмрежување на невладините организации, организирање на формален состанок за сите НВО од општина Кавадарци за да се запознаат меѓусебно, а исто така и со нивната мисија. Покрај ова се планирани и низа обуки за поуспешно работење на невладините организации како партнери на Општината. Општина Кавадарци ќе одвои близу 4 милиони денари од Буџетот за реализација на програмата за развој на невладиниот сектор. Претходно НВО доставуваа проектни предлози до Општината врз основа на објавениот јавен повик.

Ангел Данов

■ **Успешно реализиран проект на СППМД во основното образование**

## ВО УЧИЛИШТЕТО „ТОДЕ ХАЏИ-ТЕФОВ“ СЕ ЕДУЦИРАА РОДИТЕЛИ И УЧЕНИЦИ ОД СЕДМО И ОСМО ОДДЕЛЕНИЕ

Проектот „Психосоцијална едукација за родители“ во ООУ „Тоде Хаџи-Тефов“ започна во септември 2011 и заврши заклучно со крајот на минатата година. Проектот беше имплементиран од психологот и координатор во Советот за превентива против малолетничка деликвенција, Љубица Кочова. Во овој период се спроведоа активности како дел од проектот, но на барање на директорот, наставниците, родителите и децата беа направени и сет дополнителни активности: Истражување**,** Прашалник од 26 прашања за ученици од 7 и 8 одделение кои беа целна група на проектот, а беше спроведен анонимно. Резултатите покажуваат дека: 1. Најголем дел од слободното време учениците го минуваат на ФЕЈСБУК / интернет. Многу од учениците активно спортуваат одреден спорт. 2. Учениците од 7 и 8 одд. имаат позитивен однос спрема своите родители. Сепак, голем број од нив сметаат дека има потреба родителите да се доедуцираат на тема Детски права. 3. На учениците им се допаѓаат: компјутерите и училишниот двор. На учениците не им се допаѓа: што немаат спортска сала и што имаат стара фасада на училиштето. Учениците имаат поделено мислење по однос на униформите. На повеќето им се допаѓаат униформите, додека има такви на кои не им се допаѓаат. 4. Учениците препознаваат дека дрогата и алкохолот имаат штетно влијание врз здравјето. Сепак тие сметаат дека на возраст од 16 години е прифатливо консумирањето на алкохол. Голем дел од учениците не познаваат зависници и не биле сведоци на користење дрога. Учениците пријавува дека биле сведоци на насилство во училиштето многу почесто отколку надвор од училиштето. Учениците информираат за бројка од 5 до 10 нивни врсници кои барем еднаш имаат пушено цигари. При закана со насилство спрема нив или нивни пријатели голем број до учениците би одговориле со насилство**.**

Како препорака од прашалниците - според изборот на учениците, но и во консултација со наставниците и стручната служба, првите работилници кои беа организирани се: Детски права и обврски за учениците од 7 одделение во 3 групи, Ненасилно решавање на конфликти за учениците од 8 одделение во 2 групи. Во текот на октомври, заради евидентини проблеми во едно од одделенијата, целото одделение беше вклучено во работилници за Социјализација и дружење ( 6[а] одд). Во овие работилници беа вклучени околу 100 ученици. Во ООУ „Тоде Хаџи-Тефов“ во периодот септември – декември беа организирани 7 средби на родители кои траеја средно по 3 училишни часа. Заинтересирансота на родителите за темите беше евидентна со тоа што тие земаа активно учество во сите понудени задачи, соработуваа меѓу себе и со психологот и самостојно земаа иницијативи и споделуваа за предизвици со своите деца (адолесценти).

**Темите** кои се обработуваа беа: Адолесцентен период и неговите карактеристики, Комуникација и комуникативни вештини, Ненасилно решавање на конфликти, Родителски стилови и



последиците од нив, Работа со деца во ризик. Родителите дополнително добија едукација за Превенција од сексуална злоупотреба на деца (ПЕДОФИЛИЈА) и трговија со луѓе. На крајот родителите кои беа вклучени, дадоа позитивна оцена за целата едукација, наведувајќи дека истата им е од глема корист и чувствуваа промени кај себе и начинот на кој тие работат со сопствените деца како резултат од работилниците кои ги посетиле. Во дополнување на реализираниот проект, родителите, децата и наставниците ја искористија можноста за достапност на психологот Љубица Кочова која беше и имплементатор на проектот и самоиницијативно закажуваа индивидуални средби за советување и консултација.




■ **Утре свечено ќе бидат отворени новите простории на Младинскиот центар „Креатив“**

## ДРУЖЕЊА, УЧЕЊЕ СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ И РАЗВОЈ НА КРЕАТИВНОСТА КАЈ ДЕЦАТА

Младинскиот центар „Креатив“ Кавадарци кој активно работи повеќе од две години, од 6 февруари ќе започне со работа и активности на нова локација, на улица 1 Мај бр. 1, над полициското паркче веднаш до „Рока“. Свеченото отворање ќе биде на 4 февруари, сабота во 19:00 часот. На отворањето ќе присуствуваат многу гости од нашата земја и странство, а воедно „Креатив“ ги поканува и сите граѓани кои сакаат да ги посетат и запознаат новите простории каде што младите од нашиот град се здобиваат со искуство, учат и се дружат, слободно да бидат дел од големото свечено отворање.

Младинскиот центар „Креатив“ е проект на Младинската асоцијација Креатив. Центарот е отворен во 2009 година и предвидува неформална едукација и активности за слободното време на младите од Кавадарци, на возраст од 13 до 20 години. Центарот е отворен секој работен ден од 11 до 21 часот, а во сабота од 16 до 21 часот. Моментално Младинскиот центар нуди курсеви по странски јазици (англиски, француски и шпански), работилници за



уметност, театар, гитара и укулеле, креативно пишување, новинарство, шах, едукативно-забавни тимски игри, спорт, а исто така организира дебати, филмски и интеркултурни вечери. „Креатив“ ги помага младите при зајакнување на сопствените вештини и ги насочува кон активното европско-младинско општество.

Освен за младите до 20 години, „Креатив“ нуди и бесплатни јазични курсеви и за возрасни. За повеќе информации, сите заинтересирани можат да ја посетат веб-страницата www.kavadarci.kreaktiv.mk „Креатив“ може да се забележи и како организатор на многу манифестации и настани во градот, како самостојни организатори, а и во соработка со останати невладини организации и со основните и средните училишта од нашиот град.

Во текот на слободното време, младите можат да користат бесплатен интернет, да запознаат млади од Европа, да се вклучат во мултикултурна атмосфера и да стекнат уникатно искуство. Исто така „Креатив“ им нуди шанса на младите да стекнат интернационално искуство и да бидат волонтери во некоја европска држава, на различни проекти по сопствен избор, во период од 2 до 12 месеци, но и да бидат дел од проектот „Младинска размена во Европа“. Сите активности што ги нуди „Креатив“ се бесплатни за своите членови. За повеќе информации, слободно можете да се обратете директно во канцелариите на „Креатив“ Кавадарци.

## НОВ ЦИКЛУС ЕДУКАЦИИ НА СППМД ВО „ТОШО ВЕЛКОВ -ПЕПЕТО“

Советот за превентива против малолетничка деликвенција упатува повик до сите родители кои имаат ученици во 7 и 8 одд. во ООУ „Тошо Велков-Пепето“ за вклучување во ПСИХО - СОЦИЈАЛНАТА ЕДУКАЦИЈА ЗА РОДИТЕЛИ.



Од Советот за превентива уште еднаш напоменуваат дека оваа едукација не е задолжителна, но е многу препорачлива за сите родители кои забележуваат промени во однесувањето на нивните деца и кои наидуваат на предизвици при нивното воспитување, како и за оние родители кои сакаат превентивно да работат со своите деца и да им го олеснат минувањето низ адолесцентниот период.

Едукацијата која во второто полугодие ќе се реализира во ООУ „Тошо Велков-Пепето“ е предвидено да вклучи неколку средби на кои родителите ќе имаат можност да ги зголемат своите познавања и вештини, како и да работат на своите ставови за работа со деца кои се или влегуваат во периодот на адолесценција. Сите заинтересирани родители повеќе информации и апликација може да добијат кај психологот Љубица Кочова во ООУ „Тошо Велков-Пепето“, а средбите за родители ќе се организираат во термин кој најмногу и одговара на групата родители, ведаш штом истата ќе биде формирана.

## ГРОЗДОБЕРЧЕ - КОНКУРС

Распишан е конкурсот за избор на нови солисти и хористи за 16-тиот по ред детски и тинс фестивал „Гроздоберче“ во Кавадарци. Во наредниот период заинтересираните дечиња и тинејџери ќе можат да се пријавуваат за да учествуваат на фестивалот.



Аудицијата ќе се одржи на 3 март. Конкурост трае до крајот на април. Од година во година интересот за овој фестивал, како што рече уметничкиот директор на фестивалот Зоран Станоев, расте, а тој доби и меѓународен карактер со учеството на млади талентирани солисти од други земји. Не поминува ниту една манифестација во Кавадарци, а на неа да не земат учество и малите гроздоберчиња.

**„Гроздоберче“**

## 85 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА ПЕТАР МАЗЕВ

Добрите познавачи на ликовната уметност во Македонија не го оспоруваат фактот со кој се тврди дека Петар Мазев е митска фигура, односно култна личност во современото македонско сликарство. Роден е во Кавадарци на 10 февруари 1927 година во сиромашно занаетчиско семејство. Уште како мало дете имал голема дарба и склоност кон цртањето и ликовната уметност. Го добил прекарот Ќуќу, бидејќи негов прв ликовен прибор бил ќумурот од ковачките дуќани, што секогаш го имало во неговите џебови, а негови први дела биле портретите на неговите другари. Со своите цртежи по тротоарот или ѕидовите ги воодушевувал кавадаречките трговци и занаетчии, кои знаеле да го наградат со слатки, локум или газоза.

Завршил нижа гимназија во Кавадарци, а потоа направил неколку обиди да го продолжи образованието, најнапред во Воено-занаетчиското училиште кое не го завршил поради отпочнување на војната. По нејзиното завршување се запишал во Уметничкото училиште во Скопје, а негови професори биле Никола Мартиновски и Лазар Личеноски. Во 1953 година оди во Белград каде се запишува на Академијата за ликовни уметности.



Петар Мазев е еден од најпознатите современи македонски ликовни уметници и духовен предводник на голем број македонски сликари, родени во педесеттите и шеесеттите години на 20 век.

Мазев заедно со Мартиновски се најеминентните македонски претставници на експресионизмот, со многу следбеници и приврзаници. Тој е еден од најкреативните културни дејци во Република Македонија, професор на Архитектонскиот факултет во Скопје, основач, прв декан и професор на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, долгогодишен претседател на Друштвото на ликовни уметници на Македонија, еден од основачите на политичката партија МААК. Со еден збор Мазев е личност од голем формат, со голем потенцијал, кој целосно го реализирал за што заслужува големо признание од неговите колеги, современиците и неговите почитувачи.

За време на својот живот реализирал голем број на самостојни и групни ликовни изложби како во земјата така и во странство, меѓу кои: Кавадарци, Скопје, Белград, Загреб, Љубљана, Сараево, Охрид, Струмица, Велес, Њујорк, Милано, Штутгарт, Берлин, Фиренца, Париз, Александрија, Питсбург и др.

Зад себе Мазев оставил неколку монументални дела во Кавадарци, Скопје, Крушево и други градови, со што трајно го запиша своето име во современото македонското сликарство. За својата работа Петар Мазев добил бројни награди и признанија меѓу кои: „Сапиро“ Париз (1959), „11 Октомври“ (1961), „13 Ноември“ (1965), „Никола Мартиновски“ (1981), „Награда за сликарство на СЛУЈ“ (1981), „Награда за сликарство на ДЛУМ“ (1993) итн.

Животниот пат на големиот македонски сликар и неговото творештво завршија на 13 март 1993 година во Скопје, на 66-годишна возраст.

**Петре Камчевски**




**Уште еден кавадарчанец се вгради во македонската спортска историја**

## ПЕТАР АНГЕЛОВ - ДИВИ ОД КАВАДАРЕЧКИ „ЈАСМИН“ ДО ЕВРОПСКИОТ РАКОМЕТЕН ВРВ

**Петре започна во РК „Тиквеш“ кој одамна згасна, а ракометот во неговиот град е само убава историја**

Дел од мозаикот во историскиот успех на машката ракометна репрезентација на Македонија на неодамна завршеното европско првенство во Србија беше и голманот Петар Ангелов-Диви. Блескавата кариера ја започна во родниот град. Неговиот талент најпрвин дојде до израз во училишниот ракометен тим во „Габерот“ Кавадарци од каде продолжува да се надоградува во младинската екипа на најтрофејниот кавадаречки спортски колектив на сите времиња РК„Тиквеш“. Оваа екипа, историја на кавадаречкиот спорт одамна згасна, а само Петар Ангелов – Диви како нејзин последен изданок потестува дека не така одамна Кавадарци со децении наназад беше средиште на македонскиот ракомет.

Талентот на, „Пеерто“ како што го знаеја во градот бргу го донесе до првата екипа на Тиквеш каде од 1991година го пречеше ракометниот занает под водство на тренерот на екипата Киро Китев - Стипи и тогашниот негов колега на голот ветеранот спортска легенда, а воедно и тренер на голманите Благој Димитров-Гоја.

Ангелов со почит и носталгија зборува за Гоја и Стипи. Вели: „Она што сум денеска во прв ред им го должам на мајсторот „Гоја“ и тренерот Китев. Нивната верба во мене направи да бидам она што сум. Затоа од срце им благодарам. Иако млад по години Ангелов е прв голман на тогашниот суперлигаш „Тиквеш“ кој под раководство на тренерот Драган Маринковиќ од 1995 до 1999 година е постојано на врвот, во првата македонска ракометна четворка предводена од Пелистер и Вардар Ватростална. Талентот на голманот кој со појавата меѓу стативите предизвикуваше дилириум кај публиката и мотив плус кај соиграчите не останува незабележан. Побогатите и помоќни од Тиквеш се борат за неговата верност. Петре го избира Пелистер, каде освојува титули и игра меѓународни натпревари.

По шест години минати под „Тумбе кафа“ 2006 се сели во Франција. Три години е прв голман на суперлигашот Трамбле од Париз, се



вградува себеси во тимот и остава белег во францускиот ракомет, каде во тоа време се играше најсилната лига во светот.

Од Франција се враќа повторно во Македонија, во сезоната 2009/10 година е член на Вардар про, а од 2010 до денеска е во редовите на шампионот Металург и постојан член на македонската репрезентација.

За успехот на Македонија на ракометното ЕУРО 2012 Петар вели: „Отидовме со цел да се пласираме во вториот круг. Но благодарение на единството и колективниот дух, понесени од македонските навивачи, направивме многу повеќе. Како и кошаркарите лани, неочекувано и ние испишавме нови страници во македонската спортска историја. Пресреќен сум и горд, ова е врв на мојата кариера. Искуството ме научи дека чудата во спортот траат до наредниот натпревар. Сега со клубот ме чека битка на три фронта. Но предизвик ми е репрезентацијата, квалификациите за Олимпијадата во Лондон и баражот со Австрија за светското првенство. Јас сум оптимист и ќе направам се со колегите од репрезентацијата летово да зачекориме на олимпискиот стадион во Лондон“.

Квадарчани се горди на Петар Ангелов, особено по маестралните одбрани со Германија. Чаршијата која добро го знае ракометот коментира, ако селекторот не го заборавеше Диви на клупата и ако му дадеше поголема доверба, со Борко заедно ќе беа уште непробоен бедем и сигурно ќе имавме најмалку уште една победа. Но сепак нашиот Диви и вака стана неизбришлив дел од спортската историја, гордост, но и спортска рана на Кавадарци.

Петар Ангелов е последниот ракометен мохиканец од Кавадарци. Нашиот Тиквеш спортската историја на градот и Македонија одамна го нема, ракометот е на маргините, а „Јасмин“ е полн само кога ФЕНИ Индустри игра кошарка. Да се надеваме дека успехот на ракометарите и спортските сали што се градат во училиштата ќе повлечат млади деца по стапките на Диви. Да се надеваме дека некоја силна фирма од градот, кој е втор по економски развој во земјата, ќе го слушне повикот на Општината и ќе најде соодветен интерес да финасира во ракометот.

**Димитар Мурџев**

### Волшебник

- Тате, дали е дедо волшебник?
- Не бе, сине, од каде ти е пак сега тоа?
- Мама вчера рече дека секогаш кога дедо ќе дојде кај нас на гости, целата ракија што ја имаме веднаш волшебно исчезнува...

**Илија Пемов**

### АФОПЕРИЗМИ

Лоша уста и без грав смрди...

Дури и кога многу знаеш, провери колку си полош од другите...

**Петар Наневски**

**Стрелците со нови успеси ја започнаа 2012 година**

## НАДИЦА ЈА ПОДОБРУВА ФОРМАТА ВО ОЛИМПИСКАТА ГОДИНА

**Многу квалитетни стрелци од земјата се жртви на самоволието на еден човек**

Изминатиов викенд тројца стрелци од СК „Кавадарци“ зедоа учество на меѓународниот турнир во Врање соседна Србија, во конкуренција на стрелци од Ниш и Јагодина. Олимпискиот кандидат Надица Апостоловска го освои второто место со испукани 388 круга, а нејзината сестра Елена Апостоловска заврши како трета со скор од 377 круга. Третиот наш стрелец јуниорката Стефанија Темелкова заврши како шестопласирана со резултат од 359 круга. Ова натпреварување се одржа во саботата на 28 јануари, а веднаш утредента на 29 јануари во неделата во Скопје нашата екипа настапи на првиот куп за оваа година во организација на МССФ.



Надица Апостоловска и на ова натпреварување ја потврди високата форма во која се наоѓа и со извонредниот резултат од 392 круга убедливо го освои првото место кај сениорките. Нејзината сестра Елена само ја потврди доминацијата на кавадаречките стрелци и со испукани 383 круга се пласираше веднаш зад својата сестра во сениорска конкуренција. Стефанија Темелкова пак доминираше кај јуниорките. Таа испука 378 круга што е нејзин личен рекорд и за цели 19 круга го подобри стариот свој најдобар резултат. Сашко Марков кај јуниорите го подели 4 и 5 место со испукани 518 круга.

Нашиот состав настапи осетно ослабен бидејќи заради несериозноста на МССФ не пукаа исклучително квалитетни стрелци како што се Дивна Пешиќ, Андријана Колева, Цветанка Дојчинова, Иван Димитров и Никола Илиев. Причината е во самоволието на селекторот кој самоволно без консултации со клубовите и стручниот штаб на Федерацијата си зема за права на натпреварите да не ги повикува одреден број стрелци меѓу нив и двојната олимпијка Дивна Пешиќ која е се уште активен стрелец и актуелен носител на сите рекорди во македонското стрелаштво. Со овој однос губат пред се стрелците од Македонија, клубовите, а најмногу државата, која во овој спорт располага со многу натпреварувачи кои со малку посеризен пристап кон нивниот талент се кадри за достигнување на врвни светски и европски резултати. Во слична ситуација покрај кавадаречките се и квалитетни стрелци од неколку други клубови.

**Мики Виденовиќ**

Кав'дречки ВЕСНИК
Општинско јавно гласило
Издавач: Локална самоуправа Кавадарци
Уредник: Димитар Мурџев
Лектор-коректор: Роза Петкова
Печати: Печатница „Даскал Камче“ Кавадарци
Бесплатен примерок